Страшо Пинџур
Неготино
У

# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за работата на училиштето
## во учебната 2021/22 г.



**Јануари, 2022 година**

Извештајот претставува документ што ги содржи сите важни информации за работата на училиштето и реализацијата на Годишната програма за работа во првото полугодие во уч. 2021/22 година. Целта и задачите на полугодишниот извештај е да се проследат материјално техничките услови за работа во училиштето, организацијата и начинот на остварување на воспитно-образовната работа во училиштето, формите на наставна и воннаставна активност, грижата за здравјето на учениците, соработката со локалната средина, следењето, вреднувањето и унапредувањето на воспитно-образовната работа во училиштето и успехот на учениците, односно да се обезбедат јасни насоки за одговорно вклучување на сите училишни субјекти во креирањето на програмските определби за работа во понатамошниот период 2021/22 година.



## Лична карта на училиштето

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | ООУ „Страшо Пинџур“ - Неготино |
| **Адреса, општина, место** | ул. „ Партизанска“ бр. 146 Неготино |
| **Телефон** | 043 361 900 |
| **Веб сајт** | www.spingur.mk |
| **е-маил** | spingur.negotino@gmail.com |
| **Број на подрачни училишта** | 4 |
| **Број на одделенија** | 9 |
| **Број на ученици** | 873 |
| **Број на паралелки** | 47 |
| **Број на вработени** | 92 (директор, педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, 67 наставници, 2 административни работници, 19 техничка служба) |
| **Број на смени** | Две смени |

## ВОВЕД

ООУ„Страшо Пинџур“- Неготино е деветгодишно училиште во чиј состав работат и четири подрачни училишта во селата: Криволак, Пепелиште, Војшанци и Црвени Брегови, каде наставата се одвива од I - V одделение.

Во состав на ООУ„Страшо Пинџур“- Неготино работи и една комбинирана паралелка за ученици со посебни образовни потреби, која брои 3 ученици.

Вкупниот број на ученици на ниво на основно училиште од I - IX одд. во првото полугодие во учебната 2021/2022 год. изнесува **870** ученици и **3** ученици во посебната паралелка, што значи вкупно на ниво на училиште бројната состојба изнесува **873** ученици.

| **БРОЈНА СОСТОЈБА<br>во првото полугодие од учебната 2020-21 год.** | | |
|---|---|---|
| | **Број на ученици** | **Број на паралелки** |
| **Одд. настава (во градот)** | 294 | 14 |
| **Предметна настава (во градот)** | 358 | 16 |
| **Посебна паралелка (во градот)** | 3 | 1 |
| **Вкупно во ЦУ** | **655** | **31** |
| **ПУ с.Криволак** | 110 | 5 |
| **ПУ с.Пепелиште** | 60 | 5 |
| **ПУ с.Војшанци** | 20 | 3 |
| **ПУ с.Црвени Брегови** | 28 | 3 |
| **Вкупно на ниво на училиште** | **873** | **47** |

# Организација и реализација на воспитно-образовната работа

## Учебната година започна на 01.09.2021 година

Согласно Календарот за организација и работа на основните училишта, учебната година започна на 01 септември, во согласност со сите протоколи за заштита од Ковид-19. Заради заштита од вирусот училиштето уште на стартот на учебната година изготви интерни протоколи за работа и реализација на наставата, усогласени со Протоколите донесени од Министерството за здравство, а пред се почитувајќи ги мерките и препораките за редовна дезинфекција на рацете и просториите, носење заштитна маска и држење социјална дистанца.












Реализацијата на воспитно- образовниот процес во текот на првото полугодие се одвиваше со физичко присуство, за сите ученици од I до IX оддeление.

На 01 септември училиштето спремно ги дочека своите ученици. Училиштето за влез и излез на учениците ги стави во функција сите три влеза на училишната зграда, со цел максимална заштита на учениците. За првачињата, оние кои прв пат седнуваат во училишните клупи беше подготвен соодвететен прием, согласно Протоколот за работа во услови на пандемија.

## Трет транснационален состанок во рамки на проектот "Upgrade with learner centered approach"

Третиот транснационален состанок во рамки на Еразмус+ проектот „Upgrade with Learner-centred Approach" се одржа на 24 и 25.09.2021 година, во основното училиште во Добје, Словенија. Маја Виденовиќ, Владимир Трајковиќ и Мирјана Јанкуловска, како претставници на Диг-Ед земаа активно учество во текот на дводневната средба заедно со проект партнерите од Словенија, Словачка и Литванија.

Во училиштето беше презентиран метод за учење на наставниците – learning walks, како начин да се соберат информации за реализацијата на наставата, да се забележи напредокот и подрачјата за развој. Целта на овој метод на учење е да се даде развојна и конструктивна повратна информација на наставникот која би ја подобрила наставата на ниво на училиште. Учесниците на состанокот имаа можност да учествуваат во една ваква активност и да дадат повратна информација за реализација на три различни наставни часа.





## Одбележана Европската недела на спортот

Учениците од ООУ „Страшо Пинцур ‘’ од Неготино се приклучија во одбележување на Европска недела на спортот со возење на велосипед . Заедно до почиста животна средина и здрави животни навики. За нашите ученици велосипедот претставува средство за уживање и симбол на слобода.



## Edu Talks со нашата наставничка Марина Станиславова

Заедницата на Едуино започна рубриката Edu Talks и како втора гостинка е наставничката од нашето училиште Марина Станиславова.

„*Светот низ детските очи е прекрасно место*“ – со оваа реченица го започна разговорот нашата наставничка. Наставничката зборуваше колку е важна мотивацијата кај децата и од нејзиното искуство таа издвои неколку интересни примери за едукаторите, какви што се игрите: „Мотивирачка пауза“, „Поточе“, „Разиграна сложувалка“, при што изнесе и корисни совети за родителите.




**#едуиноигратон**

**#активности**

# Пресликување на фолија - Едукативна активност со многу возбуда и радост,

# Коцкаста приказна-Едукативна игра!

Овие уникатни активности се само дел од многуте активности кои ги реализира нашиот Едуино амбасадор.

Сите реализирани активности прикажани во целост се наоѓаат на Едуино колективниот портал за дигитални содржини.

**ЕВРОПСКА НЕДЕЛА НА СПОРТОТ “Ден на активна физичка писменост“**

Учениците од III а, б, в, под раководство на одделенските наставници Весна Ѓорѓиева, Весна Петридова и Весна Јованова и наставникот по физичко и здравствено образование Зоран Симоновски, учествуваа во проектот ЕВРОПСКА НЕДЕЛА НА СПОРТОТ “Ден на активна физичка писменост “во организација на Агенцијата за млади и спорт и Федерација на училишен спорт, под мотото водење грижа за здрав живот на секоја индивидуа.








## Одбележана Неделата на детето

Секоја година, првата полна седмица од месец октомври се одбележува Неделата на детето. Оваа година се реализира под мотото „ЈАС ИЗБИРАМ ЗДРАВЈЕ, А ТИ“?.
По тој повод во нашето училиште, секоја паралелка согласно со Протоколите за работа реализираше низа активности.

Училишниот педагог и психолог реализираа низа работилници со Ученичкиот парламент, во контекст на Неделата на детето. Како завршна активност беше *Приемот на првачињата во Детската организација* на кој настан, првачињата дадоа ветување дека ќе ги почитуваат наставниците и другарчињата и ќе ги извршуваат своите обврски.

Дел од активностите во нашето училиште кои ја одбележаа Неделата на детето:
Учениците од 2б паралелка заедно со својата наставничка Цветанка Недева ги обработија правата на детето.



Учениците од 1б одделение заедно со својата наставничка Татјана Ристова имаа активност „Јас избирам здравје, а ти“?



По повод Детската недела и 5 –ти Октомври- *Денот на учителот*, учениците од IIIб одделение заедно со својата наставничка Весна Јованова реализираа неколку креативни активности:



Учениците од II а одделение, со наставничката Марина Станиславова Неделата ја одбележаа со креативна работилница преку сликање и цртање на симболи соодветни на мотото и детските права.




Учениците од 3а одделенние заедно со нивната наставничка Весна Ѓорѓиева изработија книга за правата на децата.



## Реализирани активности по проектот РЕДОВНО НА ЧАСОВИ: Акција за вклучување на Ромите во основното образование

Нашето училиште како добитник на мал грант од 2500 евра во рамки на проектот РЕДОВНО НА ЧАСОВИ: Акција за вклучување на Ромите во основното образование деновите реализираше три вонnаставни активности.

Активност: **Опремување на училишниот двор со спортски реквизити**

Во рамки на оваа активност се обезбеди опрема за потребите на физичкото образование – табла за кош, мрежи за одбојка и ракомет, маса за пинг понг, препреки за трчање и други реквизити. На 06.10.2021 во рамките на Неделата на детето се реализираа спортски активности – Игри без граници.

Реализатор на активноста е: Зоран Симоновски наст. по физичко и здравствено образование




Активност: **Будење на креативноста**

Во рамки на оваа активност беа обезбедени пакети за моделирање: Модел на робот, Модели на соларен погон, Модел на ветерница, Модел на електричен погон. На 08.10.2021 се реализираше работилница на која ученици од 8 одделение ги склопуваа моделите. На тој начин се развиваше креативноста кај учениците.

Реализатор на активноста: Фросина Богева – наст. по техничко образование








**Активност: Пријатели низ светот**

Учениците преку Teams се поврзаа и запознаа со свои врсници од Франција. Играа игра во која преку поставување на прашања од тип да/не треба да погодат од која држава се учениците од другата страна на Teams. Потоа учениците ја претставија својата земја и култура.

Со дел од грантот се набави и еден лаптоп кој ќе се користи за вакви воннаставни активности со учениците.




*„Проектот РЕДОВНО НА ЧАСОВИ: Акција за вклучување на Ромите во основното образование е финансиран од Европската Унија, а го спроведува Фондацијата Отворено општество – Македонија во партнерство со Здружението Центар за образовна поддршка Дендо вас и Фондацијата за образовни и културни иницијативи Чекор по чекор“*

РЕДОВНО НА ЧАСОВИ

ЕУ со ТЕБЕ

## Едукација на учениците и развивање на свест за здрава и чиста животна средина и чисто училиште

Во рамките на нашето училиште оваа година учениците од четврто и петто одделение од ПУ с. Пепелиште се активно вклучени во воннаставни активности, еко секција, под менторство на наставничката Милена Златковиќ. Целта на воннаставната активност е едукација на учениците и развивање на свест за здрава и чиста животна средина и чисто училиште, развивање и негување на еко култура, како и спроведување на еколошки иницијативи во училиштето преку тимско дејствување на учениците, во текот на учебната 2021/ 2022 До сега се реализирани неколку активности како што се:

1.Ликовна работилница : учениците твореа на тема “Моето чисто училиште “, преку ликовните творби учениците испратија порака за чисто и зелено училиште и истите беа изложени на пано.




2.1.Учениците учествуваа во дискусија за важноста од селектирање и материјалите кои можат да се рециклираат, при што беа изработени кутии за селектирање на отпад и истите поставени во училишниот ходник. Исто така поставени се и канти за селектирање на рециклирачкиот материјал.




2. Акција за чистење на отпад во училишниот двор- го голем ентузијазам учениците ја реализираа оваа активност, беше собран органски отпад во училишниот двор и истиот складиран и третиран со цел во иднина да се искористи за производство на хумус.




3. Изработки од рециклирани материјали – со голема желба и креативност учениците пристапија во активноста, возбудата беше голема а предвиденото време прекратко за идеите и креативноста на учениците. Исходот - многу задоволни лица.




4. Учениците беа во посета на фирмата “Магичен цвет”, која одгледува цвеќиња, каде имаа можност да разговараат со сопственичката за начинот и условите потребни за одгледување на цвеќиња. Со големо задоволство учениците се запознаа со видовите на цвеќиња и земаа учество во практично пресадување на цвеќињата кои во иднина ќе бидат под нивна грижа и ќе го красат училишниот двор.



**Празникот „Ноќта на вештерките“ се одбележа и во нашето училиште**

По повод празникот „Ноќта на вештерките“(Halloween), учениците од трето и четврто одделение на часот по англиски јазик заедно со наставничката Нада Ристова преку низа игри и активности ја искажаа својата креативност и се запознаа со традицијата во Англија по повод овој празник кој традиционално се прославува ноќта помеѓу 31 Октомври и 1 Ноември.







## Машкиот ракометен тим - прво место на општинскиот натпревар

Нашиот ракометен тим составен од ученици од 8 и 9 одделение на почетокот на месец ноември учествуваше на општинскиот натпревар во ракомет. Нашите се натпреваруваа со тимови од ООУ „Гоце Делчев“ – Неготино и ООУ „Димката Ангелов Габерот“ – Демир Капија и го освоија првото место и продолжуваат на регионалниот натпревар. Ментор: Сузана Андонова наст. по физичко и здравствено образование.



## Нашите фудбалери - прво место на општинскиот натпревар во футсал

Во текот на месец ноември во Неготино се одигра општински натпревар во футсал кој учество земаа екипите од основните училишта :

ООУ „Страшо Пинцур” од Неготино ,

ООУ „Гоце Делчев” од Неготино и

ООУ „ Димката Ангелов Габерот” од Демир Капија .

Првото место го освои екипата на нашето училиште!







## Противпожарна вежба

На 11 ноември во нашето училиште се реализираше противпожарна вежба – вежба за евакуација на учениците и наставниците во соработка со ТПЕ – Неготино.



## Општински натпревар во одбојка – женски

На 18 ноември се одржа Општинскиот натпревар во одбојка женски на кој учество зема и нашата екипа. Иако не оствари пласман во понатамошните натпреварувања сепак нашите спортистки беа задоволни заради настапот кој е прв поради долгата КОВИД пауза.



## Не го фрлај твојот отпад

Проектот е финансиран од Фондот за иновации и технолошки развој

## Учество на Саем за социјално претприемништво

Нашиот производ имавме можност да го промовираме пред потенцијални донатори на **Регионалниот саем на социјалните претпријатија од Вардарскиот регион** во организација на Регионалниот центар за поддршка на социјални претпријатија при Центарот за развој на Вардарски плански регион и проектот „Поддршка на социјалните претпријатија“.

Настанот се организира во рамките на Глобалната недела на претприемништво, во соработка со Х Фактор Акцелератор од Велес.

Проектот „Поддршка на социјално претприемништво“, поддржан од Европската Унија, го спроведува Ептиса, во конзорциум со Барка и Екорис, во соработка со Министерството за труд и социјална политика.

Нашите ученици успешно го претставија нашиот производ, но и се запознаа со можностите за социјални претприемништво.






**Не го фрлај твојот отпад**

Проектот е финансиран од Фондот за иновации и технолошки развој

## Нови производи во нашата работилница

Во рамките на овој проект, нашите наставнички Ѓорѓина Димова и Велика Маркова реализираа работилница со учениците од 9 одделение на која тие ги научија основните состојки на сапунот како и процедурата за негова изработка.

На оваа работилница се изработија сапуни со природни состојки – кокосово масло и етерични масла од портокал и лаванда.







## Работилници за ученици реализирани од страна на стручната служба

Во текот на првото полугодие училишниот педагог и психолог реализираа низа работилници на кои беа опфатени ученици од различни категории.

Најмногу се стави акцент на темата „Значењето на образованието“ чии учесници беа пред се, учениците од ромска националност.

Редовни работилници службата реализира и со Ученичкиот Парламент. „Трговија со деца“ беше за нив атрактивна тема, во контекст на која се реализираа неколку работилници.



## Новогодишна бајка во нашето училиште

Одделенските наставници од нашето училиште подготвија прекрасна Новогодишна бајка по повод празниците кои следат. Секоја паралелка од секое одделение со своја музичка точка го најави најпрекрасниот период од годината.

Целата Новогодишна бајка погледнете ја тука

https://www.youtube.com/watch?v=OlNG2QhEaPs



## Хуманитарна акција во пресрет на Новогодишните празници

Нашата наставничка Цанка Костова беше координатор на меѓународен проект од хуманитатен карактер. Исто така, голем дел од нашите наствници дадоа поддршка, учество и вклученоста во проектот,, Дарување, радување - новогодишно разубавување. Насмеавме многу лица-стопливме многу срца. ООУ „Страшо Пинџур“ – Неготино упати голема благоданост до сите родители и ученици- учесници во проектот.



## Хуманитарните акции продолжуваат!

Учениците од 8б одд., заедно со Дедо Мраз, по повод Новогодишните и Божиќните празници, се вклучи во Меѓународниот хуманитарен проект "Дарување, радување, новогодишно разубавување".

Подароците беа наменети за другарчињата од станбените заедници во Неготино и Тимјаник (во рамки на Специјален завод Д.Капија).



## Новогодиши честитки за корисниците во Домот за стари лица „Жана“

Уште еден весел настан во пресрет на Новогодишните празници. Учениците од 2б одделение заедно со нивната наставничк Цветанка Недева изготвија и подарија Новогодишни честитки за лицата кои престојуваат во домот „Жана“.




## Новогодишни пакетчиња за сите ученици од одделенска настава

Традицијата продолжува! Како и секоја учебна година така и оваа, училиштето обезбеди Новогодишни пакетчиња за нашите помали ученици, односно за учениците од одделенска настава.

## Нашиот Новогодишен амбиент!









# Постигнати резултати на учениците

Реализацијата на наставниот процес во текот на првото полугодие се одвиваше без проблеми и со динамика предвидена за првото полугодие со реализирани 84 наставни денови. Учебната година започна на 01.09.2021 година, согласно Календарот за органозација и работа на училиштето.

Во текот на првото полугодие во учебната 2021/2022 година според бројчаната скала од 1 до 5 се оценети учениците од 7 до 9 одделение (вкупно 260 ученици) и постигнат е **среден успех – 3,51 на ниво на училиште**.

Постигнувањата на учениците од I до VI одделение за овој временски период се описно оценети (вкупно 610 ученици).

Показателите покажуваат дека:

| Постигнат успех | Број на ученици |
|---|---|
| **Описно оценети ( 1-6 одд)** | **610** |
| **Одличен (5)** | 60 |
| **Мн. добар (4)** | 67 |
| **Добар (3)** | 55 |
| **Доволен (2)** | 4 |
| **Недоволен (1) Со слаби оценки** | 69 |
| **Неоценети** | 5 |
| **Вкупно (7-9 одд.)** | **260** |
| **870+3 од Пос.пар** | |

| Одделение | VII | VIII | IX | VII-IX |
|---|---|---|---|---|
| **Средна оцена по одделенија** | 3,35 | 3,59 | 3,57 | **3,51** |

**Табела 1 - Среден успех на учениците по одделенија**

Табеларна споредба на успехот на учениците за првото полугодие од учебната 2019/20 година, учебната 2020/21 година и 2021/22 година:

| **Учебна година** | **2019/2020** | **2020/2021** | **2021/2022** |
|---|---|---|---|
| **Среден успех** | 3,52 | 3,57 | 3,51 |




Од прикажаниот графикон, може да се заклучи дека средниот успех на учениците во првото полугодие од учебната 2021/22 година, спореден со полугодието од претходните две годинии е незначително понизок, но сепак во сите три години во овој период е Мн.добар.

Евидентирани се вкупно 43925 отсуства, од кои 27925 се оправдани, а 16000 се неоправдани отсуства.

.

## СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА

Нашето училиште во текот на првото полугодие од учебната 2021/22 година остваруваше континуирана соработка со локалната средина која истата беше во функција на унапредување и осовременување на воспитно-образовниот процес.

Соработката со **Центарот за социјални работи**, како до сега така и ова полугодие се состои во изнаоѓање заеднички решенија за помош на социјално загрозени семејства. Исто така училиштето, преку системот за Образовен додаток, на секое тримемесечие до Центарот доставува податоци за редовност на учениците од ранливите категории, со цел објективно исполнување на условите за паричен надомест.

Партнерска и плодна соработка се остваруваше и со **локалната самоуправа** под чии надлежности е нашето основно училиште, во смисла на почитување на насоките и протоколите во организирањето на воспитно-образовниот процес во услови на пандемија, учество во општински проекти и активности по разни поводи. Не изостанува и соработката со други училишта од нашиот град и пошироката околина.

**Соработката со родителите** во текот на цело полугодие се одвиваше континуирано, он лајн, почитувајќи го Протоколот за заштита од вирусот Ковид 19. Се реализираа состаноци на Советот на родители, родителски средби, индивидуални или групни од страна на наставниците и одд. раководители, како и од страна на директорот и стручната служба. Родителите постојано и навремено беа известувани и за успехот и поведението на учениците. Во текот на првото полугодие, Советот на родители реализира вкупно 3 состаноци (2 со физичко присуство, почитувајќи ги протоколите за заштита од Ковид и 1 состанок се одржа он лајн).

**Училишниот одбор**, во текот на првото полугодие на одржаните 2 состаноци, одговорно ги извршуваше тековните должности во рамките на своите законски ингеренции и со тоа овозможи непречено одвивање на воспитно – образовниот процес на нашето училиште.

**Стручните органи во училиштето,** Наставничкиот совет (5 состаноци во текот на прво полугодие), Одделенските совети на предметните и одделенските наставници (4 сосотаноци во првото полугодие), одд. раководители и стручните активи на

наставниците во текот на првото полугодие работеа согласно законските норми и прописи.

Сите овие сегменти што ја чинат целокупната структура на училиштето во координација на раководниот орган на училиштето – директорот, најодговорно ги вршеа работните активности за непречено и мошне успешно одвивање на воспитно-образовниот процес и создавање позитивна клима за работа и учење во нашето училиште, што е примарна цел на секое основно училиште.

Сите активности кои ги реализира училиштето во првото полугодие, како и видовите документи на училиштето, може да се најдат на училишниот портал.

Јануари, 2022 г.
Неготино

Сашо Ѓорѓиев
Директор

________________

Изготвиле:
Микица Илиевска - Психолог
м-р Милена Белевска- Педагог

***П Р Е Г Л Е Д***

*На вкупниот број запишани ученици, паралелки **(чисти)** на крајот на првото полугодие од учебната 2021/22 година со настава по македонски наставен јазик*

| **Училиште** | **Ученици и паралелки по одделенија** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | | II | | III | | IV | | V | | **I-V** | | VI | | VII | | VIII | | IX | | **VI-IX** | | **I -IX** | |
| | П | Уч | П | Уч | П | Уч | П | Уч | П | Уч | П | Уч | П | Уч | П | Уч | П | Уч | П | Уч | П | Уч | П | Уч |
| **Централни I -IX** | 3 | 62 | 3 | 73 | 3 | 57 | 3 | 57 | 2 | 45 | 14 | 294 | 4 | 98 | 4 | 98 | 4 | 82 | 4 | 80 | 16 | 358 | **30** | **652** |
| **Подрачни I -V** | 2 | 34 | 2 | 39 | 2 | 38 | 2 | 32 | 4 | 39 | 12 | 182 | | | | | | | | | | | 12 | 182 |
| **Вкупно** | **5** | | **5** | | **5** | | **5** | | **6** | | **26** | **476** | **4** | **98** | **4** | **98** | **4** | **82** | **4** | **80** | **16** | **358** | **40** | **834** |

## ***П Р Е Г Л Е Д***

*На вкупниот број запишани ученици, паралелки **(комбинирани)** на крајот на првото полугодие од учебната 2021/22 година со настава по македонски наставен јазик*

| **Училишта** | II | III | Пар | I | IV | Пар. | I | II | Пар. | III | IV | Пар. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПУ с. Војшанци** | 6 | 3 | 1 | 2 | 4 | 1 | | | | | | |
| **ПУс. Црвени Брегови** | | | | | | | 7 | 2 | 1 | 8 | 4 | 1 |

**П Р Е Г Л Е Д**

*На изостаноци на учениците на крајот од првото полугодие во учебната 2021/22*

| Одд. | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Се |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Оправдани** | 4103 | 3551 | 3103 | 2627 | 2905 | 3805 | 2602 | 2812 | 2417 | **27925** |
| **Неоправдани** | 978 | 2728 | 2691 | 1096 | 2511 | 3895 | 1196 | 451 | 454 | **16000** |
| **Вкупно** | **5081** | **6279** | **5794** | **3723** | **5416** | **7700** | **3798** | **3263** | **2871** | **43925** |

**П Р Е Г Л Е Д**

*На* ***испишани*** *ученици на крајот од првото полугодие во учебната 2021/22*

| I | | II | | III | | IV | | V | | VI | | VII | | VIII | | IX | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж |
| **2** | 1 | **1** | / | **3** | 2 | **2** | 2 | **2** | 2 | **/** | / | **1** | / | / | / | **/** | / |

**П Р Е Г Л Е Д**

*На* ***новозапишани*** *ученици во текот на првото полугодие во учебната 2021/22*

| I | | II | | III | | IV | | V | | VI | | VII | | VIII | | IX | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж |
| **/** | / | **/** | / | **1** | 1 | **/** | / | **/** | / | **1** | / | **1** | 1 | **1** | / | **/** | / |

***П Р Е Г Л Е Д***

*На **оштиот успех** на учениците од 7-9 одд ( оценети бројчано)*
*на крајот од прво полугодие во учебната 2021/22 година*

| Одд | Вкупно Ученици | | 5 Одлични | | 4 Мн.добри | | 3 Добри | | 2 Доволни | | Вкупно | | 1 Со слаби оценки | | / Неоценети | | Средна оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | се | ж | Бр | % | Бр | % | Бр | % | Бр | % | Бр | % | Бр | % | Бр | % | |
| **VII** | 98 | 43 | 14 | 15 | 25 | 26 | 28 | 29 | 3 | 3 | 70 | 73 | 24 | 24 | 4 | 3 | **3,35** |
| **VIII** | 82 | 36 | 22 | 27 | 22 | 27 | 14 | 17 | 1 | 1 | 59 | 72 | 23 | 28 | / | / | **3,59** |
| **IX** | 80 | 43 | 24 | 30 | 20 | 25 | 13 | 17 | / | / | 57 | 72 | 22 | 28 | 1 | / | **3,57** |
| **VII -IX** | **260** | **122** | **60** | **23** | **67** | **26** | **55** | **22** | **4** | **1** | **186** | **72** | **69** | **26** | **5** | **2** | **3,51** |

***П Р Е Г Л Е Д***
*На **општиот успех** на учениците од 1-6 одд ( оценети описнно)*
*на крајот од прво полугодие во учебната 2021/22 година*

| **Одд** | **Вкупно Ученици** | | **Високо ниво** | | **Средно ниво** | | **Ниско ниво** | | **Најниско ниво** | | **Неоценети** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | се | Ж | Бр | % | Бр | % | Бр | % | Бр | % | Бр | % |
| **I** | 105 | 55 | 68 | 65 | 23 | 22 | 9 | 9 | / | / | 5 | 4 |
| **II** | 120 | 57 | 64 | 54 | 28 | 24 | 19 | 15 | / | / | 9 | 7 |
| **III** | 106 | 55 | 50 | 48 | 29 | 28 | 20 | 18 | / | / | 7 | 6 |
| **IV** | 97 | 48 | 44 | 46 | 23 | 24 | 26 | 27 | 1 | / | 3 | 3 |
| **V** | 84 | 34 | 27 | 33 | 26 | 31 | 26 | 31 | / | / | 5 | 5 |
| **VI** | 98 | 39 | 32 | 33 | 28 | 29 | 27 | 27 | / | / | 11 | 11 |
| **I-VI** | 610 | 288 | 285 | 47 | 157 | 26 | 127 | 21 | 1 | / | 40 | 6 |

### ***П Р Е Г Л Е Д***

*На вкупниот број запишани ученици* ***во посебна паралелка (комбинирана)*** *на крајот на првото полугодие од учебната 2021/22 година со настава по македонски наставен јазик*

| **Одд** | **Вкупно Ученици** | | **5** Одлични | | **4** Мн.добри | | **3** Добри | | **2** Доволни | | **Бројчано оценети** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | се | ж | Бр | % | Бр | % | Бр | % | Бр | % | Вк. | % |
| **VII** | 1 | 1 | / | / | 1 | 100 | / | / | / | / | 1 | 100 |
| **IX** | 2 | 2 | | | 2 | 100 | / | / | / | / | 2 | 100 |
| **VII и IX** | 3 | 3 | / | / | 3 | 100 | / | / | / | / | 3 | 100 |